ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 17.02.2014 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на одделение за финансиски прашања **Татјана Ѓоргиевска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Томе Тодоровски** и Советник **Игор Додевски**

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Да се организира настанот за поставување на камен темелник на мињор коритото на Крива Река за вторник со почеток во 10.00 часот Јаготка Николовска и Душко Арсовски 17.2.2014 година.

Седница на Советот на Општина Крива Паланка да се закаже за 27.2.2014 година, а координација за 20.2.2014 година во 8.30 часот Јаготка Николовска и Биљана Тасевска 17.02.2014 година

За 17. март 2014 година да се организира настанот по повод денот на крводарителство во Големата сала при општината. Игор Додевски во координација со Црвен Крст 17.2.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Да се направи согледување и подготви листа со проекти во врска со состанок организиран од ЗЕЛС И МЖСПП за предпристапна помош ИПА, во врска со инфраструктурни објекти , цврст отпад. Да се види со кои проекти ќе се аплицира Депонија, Пречистителни станици и сл.

За Седница на Советот на општина Крива Паланка да се подготви одлука за висина на надоместок за користење на општински патишта, споредбено со одлуки на други општини Добривој Николовски 17.02.2014

Да се види за неизложениот дел на зградта на РОЦ Тораница и да се започне со постапка за собирање на податоци за регулирање. Добривој Николовски 17.2.2014 година.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Да се види за поставување на кантите за отпадоци. Бранко Велиновски 17.02.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Во врска со продажбата на градежно земјиште да се подготви нова програма за располагање со државно градежно земјиште за 2014 година, да се изготват елаборати и да се предвидат две локации за Соларски мост и кај спортскиот комплекс. Татјана Ѓеоргиевска и Добривој Николовски 17.02.2014

Да се одговори на барањето за податоци за поранешната фабрика Карпош.Татјана Ѓеоргиевска и Добривој Николовски 17.02.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Да се извршат припреми за состанокот на Североисточниот Регион , Бизнисмени од Р. Македонија и Р. Бугарија, претставници од општини од Р. Бугарија и стопанските комори во Големата Сала при општината Крива Паланка Душко Арсовски 17.02.2014

Во врска со аплицирање со проектот за фотоволтаици да се припреми техничката документација. Душко Арсовски и Драган Величковски 17.02.2014

Да се водат подготовки и активности за манифестацијата поклонение за Св. Теодор Тирон во с. Конопница и за конкурсот за карикатура. Да се види за учество од соседни општини и од други држави. Да се организира состанок кај градоначалникот и да се спроведуваат активностите.17.02.2014

Да се доставаат податоци за гасификацијата Душко Арсовски 17.2.2014 година.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сите раководители да поднесат во писмена форма предлози за изградба на патишта во Општина Крива Паланка. Да се организира и одржи состанок во врска со стари проекти и да се утврдат приоритети за изградба. Сите Раководители 17.2.2014 година

Да се изврши увид на лице место за водоводот Калин Камен да се констатира записнички состојбата и да се даде извештај. Никола Граматиков 17.2.2014 година

Да се контактира со изработувачот на проектот и да се информира градоначалникот за Манастирската патека. Никола Граматиков.17.02.2014

До министерството за транспорт и врски и дирекцијата за заштита и спасување да се пушти допис за патот Крива Паланка – С. Станци и за куќата во поглед на свлечиштата. Да се направи заеднички увид на лице од место и записник. Никола Граматиков.17.02.2014

ЈП КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка

Да се види за регулирање на користењето на машините од ЈП Комуналец Крива Паланка 17.02.2014

ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Изговил Игор Додевски

Крива Паланка 17.2.2014

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Никола Граматиков	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____	Драган Величковски	_____